**ОКТА АД - Скопје**

**БАРАЊЕ ПОНУДА број 3224/24 од 03 Октомври, 2024**

**за извршување на услуга**

**Купопродажба на електрична енергија**

Октомври, 2024

СОДРЖИНА

1. ВОВЕД ........ 3
1.1 Потврда за прием на Барањето понуда и Изјава за учество ........ 3
2. ОБЕМ НА ИСПОРАКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ........ 3
3. УСЛОВИ НА ИСПОРАКА ........ 6
3.1 Место на испорака ........ 6
3.2 Прекугранични капацитети ........ 6
3.3 Распоред на испорака ........ 3
4. ПРАВО НА УЧЕСТВО ........ 6
5. ИНСТРУКЦИИ ЗА ПОНУДУВАЧИТЕ ........ 7
5.1 Времетраење на услугата ........ 7
5.2 Комерцијални услови ........ 7
5.2.1 Период на фактурирање ........ 7
5.2.2 Период на плаќање ........ 7
5.2.3 Валута ........ 7
5.2.4 Банкарска гаранција ........ 7
6. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА И ДОСТАВУВАЊЕ ........ 7
6.1 Содржина на понудата ........ 7
6.2 Доставување на понудата ........ 8
6.3 Валидност на понудата ........ 9
6.4 Комуникација ........ 9
7. ТЕНДЕРСКА ПОСТАПКА ........ 9
7.1 Отворање и евалуација на понуди ........ 9
7.2 Права на ОКТА ........ 9
8. ПРЕГОВОРИ........9
9. ПРИЛОЗИ ........ 10
Прилог 1 ........ 10

## 1. ВОВЕД

ОКТА АД-Скопје (во натамошниот текст ОКТА), со седиште на улица 1 број 25 н.м. Миладиновци-Илинден, П.Ф. 66, 1000 Скопје, Ве поканува да ја доставите Вашата најдобра понуда за извршување на услугите:

**1.1 Понуда за продажба на електрична енергија во периодот од 01 ви Ное до 31 ви Дек за следните опции:**

- ✓ **Опција 1** - 01 Ное 2024, 00:00 (CET) до 31 Дек 2024, 24:00 (CET) HUPXSpot hourly prices + Service Trading Fee за 24часа.
- ✓ **Опција 2** – 01 Ное 2024, 00:00 (CET) до 31 Дек 2024, 24:00 (CET) фиксна цена.

**Понуда за откуп на електрична енергија во периодот од 01 ви Ное до 31 ви Дек за следните опции: 1.2.**

- ✓ **Опција 1 -** Понуда за откуп на ЕЕ, базирана на HUPX часовни цени од 01 Ное 2024, 00:00 (CET) до 31 Дек 2024, 24:00 (CET) HUPXSpot hourly prices - Service Trading Fee за 24часа.
- ✓ **Опција 2** - Понуда за откуп на ЕЕ, со дадена фиксна цена.

Напомена:

- Номинации на потребни количини на електрична енергија и трошок за балансирње се обврска на ОКТА.
- Месечна толеранција на номинирани количини електрична енергија (±25%).

Окта го задржува правото, во зависност од добиените понуди да одбере една од наведените опции погоре.

### 1.1 Потврда за прием на Барањето понуда и Изјава за учество

Ве молиме да го потврдите приемот на Барањето понуда и да го пријавите Вашиот интерес за учество во рок од два (2) работни денови од денот на доставувањето на овој документ, со известување преку е-маил до лицата за комуникација:

| | |
|---|---|
| телефон: | **02-2532-603** |
| | **02-2532-330** |
| мобилен: | **070-399-757** |
| | **071-335-095** |
| E -mail : | mmilosheski@helpe.gr |
| | LStefanovska@helpe.gr |

Ве молиме во Вашето Известување да ги наведете и следните податоци:

- Име на Вашата компанија;
- Име и презиме на лицето одговорно за доставување понуда;
- Телефон и e-mail на одговорното лице.

## 2. ОБЕМ НА ПРОДАЖБА И ОТКУП НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

2.1 Планираниот обем на продажба на електрична енергија, за периодот Ное 2024- Дек 2024 изнесува:

- ✓ За потребите на ОКТА 282 MWh

2.2. Планираниот обем на откуп на електрична енергија, за периодот Ное 2024 – Дек 2024 изнесува:

- ✓ Производство на ЕЕ за откуп 837 MWh

Наведените количини на електрична енергија се индикативни од информативен карактер и не треба да бидат третирани како конечни.

2.2 Планираниот месечен дијаграм на испорака на електрична енергија е според наведената табела:

*Табела 1 - Планиран обем на испорака на електрична енергија, за ОКТА*

| ***Период 2024*** | ***Планирана ел.енергија (MWh)*** |
|---|---|
| *Ноември* | *122* |
| *Декември* | *160* |
| ***Вкупно*** | ***282*** |

*Табела 2 - Планираниот обем на производство на електрична енергија, од ФВЦ сопственост на ОКТА*

| ***Период 2024*** | ***Планирана ел.енергија (MWh)*** |
|---|---|
| *Ноември* | *507* |
| *Декември* | *330* |
| ***Вкупно*** | ***837*** |

## 3. УСЛОВИ НА ИСПОРАКА

3.1 **Место на испорака:** DAP (Incoterms 2010, издаден од ICC Paris), која било точка во границите на територијата на Република Северна Македонија каде што МЕПСО може да ја преземе електричната енергија.

3.2 **Прекугранични капацитети (CBTC):** Ќе биде обврска на Добавувачот.

3.3 **Распоред на испорака:** Испораката на електрична енергија ќе биде вршена врз основа на Дневен распоред на испорака **<u>кој ќе го изготвува ОКТА најдоцна до 11 часот во денот D-1 за денот D.</u>**

## 4. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на доставување понуда имаат домашни правни лица, носители на Лиценца за снабдување со електрична енергија или со Лиценца за трговија, издадена од Регулаторната комисија за енергетика на Република Северна Македонија, поканети да учествуваат на ова Барање понуда.

## 5. ИНСТРУКЦИИ ЗА ПОНУДУВАЧИТЕ

**5.1 Времетраење на услугата:** За реализација на услугите( продажба и откуп на електрична енергија), ОКТА ќе склучи договор за една од опциите наведени во точка 1.1 и 1.2 погоре.

**5.2 Комерцијални услови**

**5.2.1 Период на фактурирање:** Еднаш во календарски месец за количината на електрична енергија испорачана во претходниот месец.

**5.2.2 Период на плаќање:** На или пред 30- иот ден по денот на издавање на фактурата.

**5.2.3 Валута:** Според средниот курс за EUR во МКД објавен од НБРСМ за последниот работен ден во месецот во кој е извршена испораката на електрична енергија.

**5.2.4 Банкарска гаранција:** Неусловена и неотповиклива Банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на работата, издадена во корист на ОКТА и од банка прифатлива за ОКТА, во износ од 10% од проценетата вредност на договорот.

**6. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА И ДОСТАВУВАЊЕ**

**6.1 Содржина на понудата**

Понудувачот да ја достави својата понуда во ***два (2) затворени коверта*** на кои ќе биде наведено:

**КОВЕРТ А:** На ковертот "А" јасно ќе биде назначено со печатни букви **"ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА"** , која треба да ги содржи следните документи:

1. Копија од Лиценца издадена од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија;
2. Ревидиран годишен финансиски извештај за последната година (2023), придружено со мислење на независен ревизор, доколку е применливо;
3. Изјава заверена кај Нотар во која Понудувачот изразува подготвеност да достави Банкарска Гаранција за навремено и квалитетно извршување на работата, издадена во корист на ОКТА согласно точка 5.2.4 погоре;
4. Гаранции што Понудувачот ги бара од ОКТА за навремено плаќање на доставените фактури;
5. Историјат на промени;
6. Потврда за платени даноци;
7. Валиден документ кој покажува дека компанијата е дел од групација;
8. Тековна состојба;
9. Тековна состојба на вистински сопственици;

**КОВЕРТ Б:** На ковертот "Б" јасно ќе биде назначено со печатни букви **"КОМЕРЦИЈАЛНА ПОНУДА"**, која треба да содржи:

1. Единична цена за 1 (еден) MWh електрична енергија изразена во EUR (ограничена на два децимални броја) за период на испорака од **01 Ное 2024 до 31 Дек 2024 година**.

| | |
|---|---|
| Продажба на ел. Енергија за ОКТА | **HUPX** Spot Hourly Prices + XX. XX Eur (за 1 MWh) за 24часа. |
| Продажба на ел. Енергија за ОКТА | **Фиксна цена** |

*** HUPX Spot Hourly Prices means hourly price on the 'Day Ahead Market-DAM' (Spot Market)' on the Hungarian Electricity Exchange or abbreviated 'HUPX'** https://www.hupx.hu

2. Откуп на електрична енергија произведена од ОКТА, единична цена за 1 (еден) MWh електрична енергија изразена во EUR (ограничена на два децимални броја) за период на производство од **01 Ное 2024 до 31 Дек 2024 година**.

| | |
|---|---|
| Откуп на ел. Енергија произведена од ОКТА | **HUPX** $_{\text{Spot Hourly Prices}}$ +/- XX. XX Eur (за 1 MWh) за 24часа. |
| Откуп на ел. Енергија произведена од ОКТА | **Фиксна цена** |

Во цената **треба да се вклучени,** вкупните трошоци за пренос на електричната енергија од изворот до точката каде што МЕПСО може да ја превземе (акцизи, даноци, царини, провизии итн.) ќе бидат покриени од страна на Понудувачот, а понудената цена ќе биде важечка за испорачаната и превземената електрична енергија до и од точката на испорака.

## 6.2 Доставување на понудата

**6.2.1** Горенаведените коверти (А & Б) треба да се достават во еден затворен коверт со назив, адреса и седиште на Понудувачот и на кој јасно и со печатни букви ќе биде назначено:

*a)* Бројот на Барањето понуда: **Бр. 3224 /24**
*b)* Напишана забелешка: **"НЕ ОТВОРАЈ"**
*c)* Напишана забелешка: **"КУПОПРОДАЖБА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА"**

**6.2.2** Понудата треба да биде во Архивата на ОКТА **најдоцна на 15ти Октомври, 2024год. до 16:00 часот, локално време.**

**6.2.3** Понудата може да се достави лично во архивата на ОКТА или да биде испратена на следната адреса:

ОКТА АД - Скопје
Архива (Снабдување со електрична енергија)

ул. 1 бр. 25 н.м. Миладиновци-Илинден
П.Ф. 66
1000 Скопје

**6.2.4** Понудите што нема да бидат доставени во дефинираниот временски период и оние што нема да бидат подготвени според условите од Барањето понуда нема да бидат земени во предвид и нема да се оценуваат.

## 6.3 Валидност на понудата

Валидноста на понудата треба да биде **најмалку 15 (петнаесет) работни дена по последниот ден за поднесување на понудите, односно до 01-11- 2024 година.**

### 6.4 Комуникација

За било какви прашања во периодот за доставување понуди, Понудувачите можат да контактираат во писмена форма (со писмо или e-mail) со лицата за комуникација наведени во точка 1.1.

## 7. ТЕНДЕРСКА ПОСТАПКА

### 7.1 Отварање и евалуација на понуди

Отварањето на понудите ќе биде извршено од страна на комисија на ОКТА. Во првата фаза ќе биде отворен само ковертот **А: ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**, подготвен согласно точка 6.1.
ОКТА го задржува правото да побара од Понудувачите (по е-маил), во рок од два (2) календарски дена од денот на известувањето, да ги достават документите кои недостасуваат. Доколку документите не бидат доставени во наведениот рок, ОКТА го задржува правото да ги одбие понудите/Понудувачите.

Отворањето на ковертот **Б: КОМЕРЦИЈАЛНА ПОНУДА** и евалуација на понудите ќе се изврши само на оние понуди кои се одобрени во првата фаза.

Во текот на евалуација на понудите, од Понудувачите може да се бара да одговорат на некои прашања или да достават дополнителни документи или информации. Понудувачот треба да одговори , во пишана форма, во рок од два (2) работни денови од денот на известувањето, во спротивно, ОКТА го задржува правото да ја исклучи понудата/Понудувачот од понатамошна постапка.

### 7.2 Права на ОКТА

Ова Барање понуда не ја обврзува ОКТА на ниту еден начин. ОКТА го задржува правото да:

1. Го промени или поништи Барањето понуда од која било причина, без никаква обврска;
2. Ја одбие секоја понуда која не е во согласност со условите од Барањето понуда;
3. Ја одбие секоја понуда која е доставена после крајниот рок за поднесување понуда;
4. Ја одложи постапката за неограничен временски период;
5. Да преговара со еден или повеќе Понудувачи;
6. Да не избере ниту еден Понудувач.

ОКТА нема да има одговорност или обврска, во никаков случај, да ги обесштетува Понудувачите за било каков трошок или штета која ќе ја претрпат за подготовка и поднесување на нивната понуда.

## 8. ПРЕГОВОРИ

По завршена евалуацијата на понудите, ОКТА го задржува правото да пристапи во преговори со претпочитаните понудувач/понудувачи за да склучи договор.
Во текот на оваа фаза, ОКТА може да побара од тие понудувачи да доставаат ревидирани финансиски понуди во согласност со инструкциите што ќе им бидат доставени на тие понудувачи од ОКТА.

## 9. ПРИЛОЗИ

После официјалното писмено известување за избор на најповолен Понудувач, а пред потпишување на Договор, компанијата чија понуда ќе биде избрана како најповолна  треба да ја достави задолжителната документација наведена во Прилог 1 од ова Барање понуда.

**Прилог 1**

## ДОПОЛНИТЕЛНА ЗАДОЛЖИТЕЛНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ТЕНДЕРОТ БР. 3224/24 од 02Октомври, 2024 год.

1. Документ издаден од Централниот Регистар кој ќе покаже дека не е покрената постапка за инсолвентност или стечај против Понудувачот.

2. Потврда издадена од суд дека нема конечна обврзувачка пресуда за воведување безбедносна мерка – Забрана за вршење на дејноста.

3. Изјава потпишана од Понудувачот во која јасно ќе биде наведено дека Понудувачот неотповикливо ја прифаќа целосната и безусловна одговорност за гарантирана испорака на електрична енергија до точката на испорака.
4. Изјава потпишана од Понудувачот во која јасно ќе биде наведено дека Понудувачот ќе обезбеди транзитна рута и неопходен преку–граничен капацитет за пренос на електрична енергија од изворот до точката на испорака.

   **Забелешка:**

   Целокупната дополнителна задолжителна документација треба да биде во оригинал или да биде од нотар заверена копија, а секоја страна треба да биде верификувана со печат и потпис на Понудувачот.

   Доколку Понудувачот достави документација заверена од него, тој е исто така е обврзан да достави и оригинални документи или копии заверени од Нотар на увид.

   Валидноста на документацијата не треба да надминува шест (6) месеци, освен Ревидираниот финансиски извештај.

**Завршни одредби**

- Цената на понудата да биде изразена во EUR/MWh без ДДВ (Понуди во друга валута нема да се разгледуваат).
- Давателот на услуги е согласен и прифаќа да не пресметува законска казнена камата доколку, според планот (интерните процедури) на плаќање на корисникот на услуги, плаќањето биде извршено по датумот на доспевање на фактурата, но не повеќе од пет (5) работни денови по тој датум.
- Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право да избере дел од понудата, во случај на повеќе позиции, да го избере најуспешиот понудувач, кој не мора да биде со најниска понуда, да ги отфрли понудите кои ги смета како незадоволувачки, да го отповика или поништи барањето.

- Прашања и/или дополнителни објаснувања во врска со ова Барање понудувачите можат да ги достават само писмено (по електронска пошта) до лицата за контакт на ОКТА. ОКТА  нема да преземе одговорност за усни инструкции или предлози.
- ОКТА , по свое сопствено убедување, може да обезбеди и дополнителни информации за понудувачите. Дополнителни информации обезбедени од ОКТА  ќе бидат испратени истовремено до сите понудувачи во разумен рок. Горенаведените информации ќе станат дел од ова Барање.
- Понудувачот прифаќа дека ова Барање за понуда не ја обврзува ОКТА на ниту еден начин ОКТА нема да има одговорност или обрска во ниеден случај да ги обесштетува понудувачите за каков било трошок или штета која ќе ја претрпат за подготовка и поднесување на нивната понуда.
- ОКТА го задржува правото да ги дисквалификува понудувачите кои не прифаќаат еден или повеќе од условите наведени во Барањето за понуда, вклучувајќи ги и одредбите од предлог договорот од тендерот.

Дата: 03  Октомври, 2024

Набавка
Мартин Милошески